CIVICA MOBILITAS

Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

Swiss Agency for Development and Cooperation SDC

Квалитет на животот

# Што е клучно за подобрување на квалитетот на живот?

Оценка на задоволството на граѓаните од јавните услуги и мапирање на приоритетите и потребите на граѓаните.

Број 8
Јуни 2025

## ВОВЕД

Владината програма за периодот 2024–2028 предвидува амбициозни политики и инвестиции насочени кон подобрување на клучните општествени и економски сектори, како што се образованието, здравството, социјалната заштита и економската благосостојба. Сепак, ефективноста на овие мерки не зависи само од нивната формална имплементација, туку и од тоа колку тие се усогласени со реалните потреби, приоритети и очекувања на граѓаните. Со цел да се процени оваа усогласеност, анализата ги испитува перцепциите на граѓаните и ја споредува нивната визија за квалитетен живот со предложените владини приоритети. Истражувањето е организирано околу четири клучни аспекти на јавните услуги: достапност, квалитет, финансиско оптоварување и усогласеност со политиките. Овие аспекти се разгледуваат преку четири секторски области – социјална грижа, економска и финансиска благосостојба, образование и здравство како и од аспект на млади и жени – со цел да се утврди дали и колку јавните услуги навистина одговараат на животните услови на луѓето.



FINANCE THINK OUT OF THE BOX
www.financethink.mk
/company/finance-think
/FinanceThink

# ЦЕЛ И МЕТОДОЛОГИЈА

Целта на оваа анализа е да ги идентификува и разбере приоритетите и потребите на граѓаните и да процени во која мера тие се усогласени со политиките содржани во Владината програма 2024–2028. Истражувањето се базира на податоци од онлајн анкета со наслов „Што е клучно за подобрување на квалитетот на животот?", спроведена на хетероген примерок од 403 испитаници во периодот од 24 декември 2024 до 31 јануари 2025 година. Анкетата содржи низа прашања насочени кон перцепциите за јавните услуги и поддршката за предложените политики. За подлабоко разбирање на ставовите и вреднувањата на граѓаните, беа организирани 7 фокус-групи со учество на различни социо-економски профили, чии лични согледувања се вклучени преку избрани цитати. Резултатите од анкетата се групирани за полесно толкување и ќе послужат како основа за формулирање на конкретни препораки за унапредување на јавните услуги и нивно подобро усогласување со реалните животни услови на граѓаните.

# ДЕМОГРАФСКА И ЕКОНОМСКА СТРУКТУРА НА ПРИМЕРОКОТ

Испитаниците се претежно од урбани средини (72%), додека 28% се од рурални подрачја, опфаќајќи 32 различни општини и населени места низ целата територија на Северна Македонија. **Според возраст,** најголем дел припаѓаат на групата 40-55 години (45%), следени од 30–39 години (27%) и 56+ години (19%). Жените се малку побројни (69%) во однос на мажите (30%). Во однос на нивото на образование, 90% од испитаниците имаат високо образование, додека останатите се со средно или основно образование. Кога станува збор за **личните приходи,** 9% од испитаниците пријавиле нето месечна плата до 30.000 денари, 53% заработуваат меѓу 30.001 и 60.000 денари, а 32% имаат месечни примања повисоки од 60.001 денари. Анализата на **вкупните месечни приходи** на домаќинствата покажува дека 14% располагаат со приходи до 50.000 денари, 18% имаат приходи меѓу 50.001 и 75.000 денари, 22% се во рангот од 75.000 до 100.000 денари, 23% живеат во домаќинства со приход од 100.001 до 150.000 денари месечен приход, додека 22% располагаат со месечен приход над 150.000 денари. Во однос на **структурата на домаќинствата,** најголем дел (50%) живеат во семејства со 3 до 4 членови, 5% се дел од поголеми домаќинства со пет или повеќе членови, 27% припаѓаат на мали или самечки домаќинства составени од најмногу две лица, 13% се домаќинства со тројца и повеќе возрасни и 3% се домаќинства со самохран родител со издржувани деца.

# РЕЗУЛТАТИ

Достапноста на јавните услуги: Од добро воспоставени кон сериозно ограничени

Анализата на достапноста на јавните услуги во Северна Македонија открива големи разлики во перцепциите на граѓаните за тоа колку лесно можат да пристапат до различни услуги. Од услугите што се оценети како добро организирани и достапни, па сè до оние што речиси се недостапни, резултатите прикажуваат јасна градација и упатуваат на приоритетни точки за интервенција. Табела 1, ја оценува достапноста на јавните услуги од целосно недостапна до целосно достапна.

**Табела 1: Оценка на достапноста на јавните услуги**

| Категорија | Целосно недостапна | Недоволно достапна | Делумно достапна | Лесно достапна | Целосно достапна | Не е применливо/ Не сум запознаен/а |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Основни училишта – дали се доволно блиску и финансиски достапни | 2% | 4% | 17% | 33% | 38% | 6% |
| Средни училишта – дали се доволно блиску, финансиски достапни и има доволно видови/ струки | 1% | 11% | 34% | 28% | 19% | 6% |
| Средно образование – можности за пракса и волонтирање | 7% | 37% | 34% | 8% | 4% | 8% |
| Високо образование – можности за пракса и волонтирање | 6% | 42% | 30% | 9% | 4% | 9% |
| Здравствени услуги - матичен лекар, достапен блиску до местото на живеење | 3% | 13% | 26% | 30% | 28% | 1% |
| Здравствени услуги - Специјалистички прегледи, достапни во болниците, време на чекање | 19% | 51% | 23% | 3% | 3% | 1% |
| Услуги за вработување – дали има доволно и достапни информации за мерки за вработување и колку е лесно да се учествува | 10% | 43% | 30% | 7% | 3% | 6% |
| Јавен транспорт – дали функционира редовно и колку е пристапен за различни групи | 31% | 45% | 12% | 3% | 3% | 5% |
| Предучилишно образование – дали има места за сите деца и се во близина на местото на живеење | 10% | 43% | 22% | 9% | 6% | 9% |
| Домови за стари лица, државно финансирани – дали има место по пристојна цена | 35% | 41% | 5% | 1% | 1% | 16% |
| Социјална помош – колку е лесно да се аплицира и дали исплатата е редовна | 6% | 22% | 20% | 6% | 1% | 44% |
| Поддршка за земјоделци – дали лесно може да се аплицира за субвенции | 3% | 20% | 20% | 12% | 3% | 42% |
| Поддршка за бизнис сектор – дали постојат лесно достапни фондови | 5% | 28% | 29% | 9% | 2% | 27% |
| Студентски и училишни домови – достапност на легла | 7% | 40% | 19% | 4% | 1% | 29% |
| Студентски оброк - дали лесно може да се аплицира | 3% | 24% | 15% | 12% | 7% | 39% |
| Можност за вклучување во консултации и процеси на одлучување | 15% | 43% | 21% | 3% | 1% | 17% |

*Извор: Анкета за идентификување на приоритетите и потребите на граѓаните, 2025 година*

### Највисоко оценета достапност: Основни училишта и матични лекари

Највисока оценка на достапност бележат **основните училишта и услугите од примарната здравствена заштита (матичен лекар).** Дури **71% од испитаниците** сметаат дека основните училишта се **лесно или целосно достапни,** во однос на близината и финансиската достапност. Ова ги позиционира основните училишта како **најстабилен и најпристапен јавен сервис** во земјата.

Исто така, **58% од граѓаните** позитивно ја оценуваат **достапноста до матични лекари,** што укажува на релативна покриеност со примарни здравствени услуги. Ова претставува основа за сигурна здравствена заштита на локално ниво и функционирање на системот на семејна медицина.

### Умерено достапни услуги: Средно образование, дел од студентските сервиси и дел од поддршката за бизниси

**Средното образование** има мешана слика – 47% од граѓаните сметаат дека училиштата се **лесно или целосно достапни,** но 34% велат дека тие се достапни **само делумно,** што укажува на потреба од **проширување на мрежата на училишта, особено по видови и струки.** Во делот на **студентските оброци,** младите[1] постапката за аплицирање ја оцениле како релативно едноставна. Сепак, **студентските домови** се оценети со умерена до слаба достапност – **47% од испитаниците** укажуваат на недостиг на легла, што индиректно влијае на **зголемени трошоци за живот на студентите,** особено оние кои доаѓаат од други градови.

Кај **поддршката за бизнис секторот,** 38% од испитаниците сметаат дека има **делумна достапност,** но само 11% се целосно задоволни. Тоа укажува на **постојни фондови и програми,** но ограничена информираност или пристапност, особено за мали и рурални бизниси.



[1] За оценка на ставот на младите, ги користиме одговорите добиени од возрасната група од 14-29 години.

### Недоволна достапност: Специјалистичка здравствена заштита, грижа за стари лица, практична настава, јавен транспорт, услуги за вработување и градинки

Најниски оценки добива услугата за сместување на стари лица – 76% од испитаниците сметаат дека домовите се целосно или делумно недостапни, главно поради ограничен број капацитети и високи трошоци во приватниот сектор.

> *„Нема доволно сервиси. Некој мора да биде врзан дома со старите и тоа е пречка за работа, најчесто за жените.“*

Меѓу најнедостапните услуги, граѓаните ја посочуваат специјалистичката здравствена заштита. Дури 70% од испитаниците изјавиле дека прегледите кај специјалисти се делумно или целосно недостапни, со само 6% кои ги оценуваат како лесно достапни. Главните пречки се долгите листи на чекање, ограничениот број достапни термини и географската оддалеченост на болничките установи, особено за граѓаните во руралните средини.

> *„Морам да патувам до градот за да добијам специјалистички преглед, што е скапо за мене и е трошење на многу време. Некогаш може и да не завршам сè во еден ден.“*

> *„Најосновно и најпрвично е пристапот до услуги, особено за населението во руралните средини каде што немаат пристап до социјални услуги, здравствени, образовни услуги, немаат добра инфраструктура, немаат можности за напредок и мислам дека пристапот е прв чекор што може да се земе за подобрување на квалитетот на живот“*

Следен голем предизвик е недостапноста до практична обука и волонтирање во образовниот систем. Над 70% од испитаниците сметаат дека овие можности се недоволно или целосно недостапни, и во средното и во високото образование. Овој недостаток ја намалува подготвеноста на младите да влезат на пазарот на труд, особено во поглед на стекнување на практични вештини и остварување контакт со работодавачи:

> *„Младите немаат вмрежување со работодавачи, ниту практични вештини за тоа што реално се бара на работните места.“*

Јавниот транспорт е една од најнегативно оценетите услуги – 76% од граѓаните сметаат дека тој е нередовен и недостапен за различни категории, со особено лоша покриеност во рурални подрачја и за лица со попреченост. Иако формалната надлежност лежи кај општините, државата игра активна улога преку субвенции и донации на автобуси, што ја прави ко-одговорна за сегашната состојба.

Во делот на услугите за вработување, 53% од испитаниците сметаат дека не постојат доволно информации или ефективен пристап до мерките за вработување, што укажува на слаба институционална видливост и недоволен ефект на активните мерки.

> *„Сметам дека има доволно отворени работни места каде што може да се аплицира, меѓутоа го имаме оној феномен каде што имаме несоодветен број на кадри за несоодветен број на работни места.“*

> *„Немаме усогласеност со побарувачката на работни места и образованието и квалификациите на невработените лица.“*

Предучилишното образование е уште една услуга со сериозни ограничувања – 43% од граѓаните сметаат дека градинките не се доволно достапни, особено во населените места со голема побарувачка или недоволна инфраструктура.

> *„Јас со двете деца имав проблем. По породилното отсуство, не го примија првото дете во градинка бидејќи листата за чекање беше предолга.“*

> *„Не ми го примија детето во градинка по породилно отсуство – листата за чекање беше долга. Морав да најдам жена која ќе го чува по 8 часа за да можам да се вратам на работа.“*

## Мал опфат и ниска јавна информираност: Социјална помош, земјоделски субвенции и демократски процеси

Одредени јавни програми, иако со значителни буџетски алокации, се карактеризираат со ограничен опфат и ниско ниво на информираност кај населението. Во оваа категорија влегуваат социјалната помош, поддршката за земјоделци и механизмите за вклучување на граѓаните во процеси на одлучување.

Во областа на социјалната помош и поддршката за земјоделците, 40% од испитаниците изјавиле дека не се информирани за постојните услуги. Овој наод може да значи не само недоволна промоција, туку и дека програмите се наменети за потесни целни групи и не се релевантни за пошироката популација. Сепак, ова отвора критичко прашање: дали тековното распределување на буџетските средства соодветствува на опфатот и влијанието на овие програми? Ваквата ситуација го доведува во прашање ефикасното таргетирање и општествената легитимност на овие услуги. За оние што се запознаени со програмите, перцепцијата е дека постапките за аплицирање се комплицирани и административно обременувачки:

> *„Документите за Гарантирана минимална помош се преобемни. Се бараат и веќе доставени изводи и потврди, што е дополнителен трошок за социјално-загрозените луѓе.“*

Во овој контекст, редизајнирање на административниот процес преку дигитализација и меѓуинституционална координација би овозможило поголема пристапност, без губење на контролата врз правичноста.

Дополнително, учеството на граѓаните во консултативни и одлучувачки процеси е маргинализирано – 42.5% велат дека немаат доволно можности, а 15% – никакви. И кога постои консултирање, тоа често се перципира како декор или токенизам[2], формалност без реално влијание:

> *„Дури и кога не’ прашуваат нешто, тоа е само заради форма. Одлуките се веќе донесени зад затворени врати.“*

Овие наоди укажуваат на потребата од: подобро информирање и таргетирање на јавните програми, промена на фокусот од бирократска формалност кон вистинска отвореност и вклучување на граѓаните во донесувањето одлуки, како и повисоки стандарди за видливост и отчетност, особено кај програми со значителни буџетски средства.

[2] Практика кога некоја институција или поединец презема симболични чекори за вклучување на припадници на одредена група (малцинства, млади, жени, лица со попреченост) со цел да се создаде впечаток на инклузивност и разновидност, без да се направат вистински, суштински промени или да се обезбеди реална еднаквост и застапеност.

## ПЕРЦЕПЦИИ НА ГРАЃАНИТЕ ЗА КВАЛИТЕТОТ НА ЈАВНИТЕ УСЛУГИ: ПРЕДИЗВИЦИ И ОБЛАСТИ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ

Иако дел од јавните услуги беа оценети како достапни – како што е случајот со основното образование, граѓаните покажуваат значително пониско ниво на задоволство од нивниот квалитет. Ова јасно укажува дека достапноста не е доволна, ако не е придружена со соодветни содржини, професионален кадар, инфраструктура и опрема. Табела 2 прави преглед на оценката на квалитетот на јавните услуги, рангирајќи ги услугите од низок квалитет до одличен квалитет.

**Табела 2: Оценка на квалитетот на јавните услуги**

| Категорија | Низок квалитет | Недоволен квалитет | Добар квалитет | Многу добар квалитет | Одличен квалитет | Не е применливо/ Не сум запознаен/а |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Наставниот кадар (основно и средно образование) | 12% | 45% | 32% | 5% | 2% | 4% |
| Наставни материјали за учење и учебници, и наставни програми | 24% | 46% | 20% | 3% | 1% | 6% |
| Образовна инфраструктура – зградите и нагледните средства за настава (компјутерска и друг вид на опрема и инфраструктура) | 16% | 46% | 26% | 7% | 2% | 4% |
| Здравствени услуги добиени од матичен лекар – професионалност на лекарите и сестрите | 6% | 23% | 46% | 17% | 8% | 0% |
| Здравствени услуги добиени од специјалистички болници – професионалност на лекарите и сестрите | 10% | 37% | 35% | 12% | 4% | 2% |
| Здравствена инфраструктура и опрема – болниците и здравствените домови | 33% | 44% | 16% | 3% | 2% | 2% |
| Услуги за вработување - регистрација на работен однос, мерки за вработување | 10% | 40% | 22% | 4% | 2% | 21% |
| Јавен транспорт – редовност и точност на транспортните услуги | 49% | 34% | 9% | 1% | 2% | 5% |
| Предучилишно образование – квалитет на грижата за најмалите | 9% | 29% | 34% | 11% | 4% | 13% |
| Грижа на пензионерите - пензии и дополнителни бенефити | 17% | 36% | 25% | 6% | 2% | 13% |
| Социјална заштита - висина на социјалните примања | 17% | 34% | 10% | 1% | 1% | 37% |
| Патна инфраструктура – одржаност и безбедност на патишта | 42% | 41% | 14% | 2% | 0% | 1% |
| Енергетска инфраструктура – ефикасност и степен на загадување на капацитети за производство на струја | 53% | 30% | 11% | 2% | 1% | 4% |
| Услови во студентските и ученичките домови | 39% | 26% | 7% | 0% | 0% | 27% |
| Висината на студентскиот оброк | 27% | 29% | 10% | 1% | 1% | 32% |

*Извор: Анкета за идентификување на приоритетите и потребите на граѓаните, 2025 година*

## Умерено задоволство: Матични лекари и предучилишна грижа

Најпозитивно оценета е п**римарната здравствена заштита,** каде што **71% од испитаниците** изразуваат **задоволство од професионалноста и односот на матичните лекари и медицинските сестри.** Ова ниво на доверба може да се должи на континуираниот контакт со ист лекар, што гради чувство на достапност и лична грижа:

> *„Задоволни сме од нашиот матичен лекар, секогаш е достапен за нас, дури и кога не се работи за чисто медицински проблем.“*

И покрај недостигот на капацитети, граѓаните ја оценуваат **услугата во градинките како солидна** – 49% сметаат дека квалитетот е добар или подобар, што укажува дека каде што има физички пристап, има и позитивни искуства со грижата за најмалите. Од друга страна, послабо се оценети квалитетот на услугите за постарите лица и висината на пензиите. Сепак, доколку се споредат оценките за пристап до услуги за грижа (Табела 1) и нивниот квалитет (Табела 2), може да се заклучи дека моментално **достапноста на капацитети за згрижување е од поголема важност за граѓаните.**

## Делумно задоволство со јасни слабости: Образование и специјализирана здравствена заштита

Во секторот образование, **квалитетот на наставниот кадар во основно и средно образование е сериозно загрозен:** 57% од испитаниците сметаат дека е со низок или недоволен квалитет, а само 7% го оценуваат како многу добар или одличен.

> *„Имам впечаток дека школите постојат како згради каде децата треба да бидат сместени. На прсти можам да издвојам наставници кои се вложуваат. Другите гледаат само да ги завршат своите 40 часа.“*

**Наставните материјали и учебниците** се негативно оценети од 70% од граѓаните, додека 62% негативно ги оцениле **образовната инфраструктура и нагледните средства.** Ова укажува дека квалитетот на образованието страда не само поради човечките ресурси, туку и поради неадекватна поддршка со современи материјали и опрема.

Во здравството, **специјалистичките болници** имаат мешана слика: 47% од граѓаните изразиле задоволство, но исто толку се делумно или целосно незадоволни – најчесто поради **долги листи на чекање, недостиг на одредени специјалисти и нецелосна дијагностичка опрема.**

> *“Морам да чекам неколку недели  па и месеци за да добијам преглед кај специјалист лекар, што е проблематично кога имам сериозни здравствени проблеми за кои треба редовни контроли. Но понекогаш имам и некои компликации за кои треба брзо да се консултира специјалист, а некогаш и со приоритетен упат , и не ме примаат”*

## Изразено незадоволство: Здравствена опрема, студентски и социјални услуги

**Здравствената инфраструктура и опрема** добива најслаби оценки во здравствениот сектор – 77% од испитаниците сметаат дека е со низок или недоволен квалитет. Ова може да сигнализира дека кога станува збор за квалитетот на здравствените услуги, инфраструктурата и медицинската опрема е покритична, за разлика од квалитетот на услугите на здравствениот кадар. Овој наод ја потврдува потребата за **системско вложување во медицинска технологија и реновирање на болничките капацитети.**

Во делот на **високото образование,** условите во **студентските и ученичките домови** се критично оценети: 65% од испитаниците ги сметаат за незадоволителни. **Покрај ограничените капацитети, условите за живот и студирање се дотраени,** што го отежнува академскиот напредок, особено за студенти од рурални средини или семејства со ниски приходи. Исто така, **висината на студентскиот оброк е оценета како недоволна од 56% од испитаниците.**

Покрај тоа, услугите за вработување – како што се регистрацијата и спроведувањето на мерки – се оценети како недоволно квалитетни од 50% од испитаниците, што укажува на **потреба од засилување на активната улога на институциите во пазарот на трудот.**

**Најслабо оценети сектори: Јавен транспорт, патишта и енергетска инфраструктура**

Најниско ниво на задоволство се бележи кај **јавниот транспорт**, каде 83% од испитаниците дале негативна оценка за редовноста и точноста. Тоа целосно се совпаѓа со наодот за достапноста на јавниот транспорт, што ја потенцира **двојната слабост – и во пристапот и во квалитетот.**

**Патната инфраструктура** е оценета негативно од 83% од граѓаните, со забелешки за **неодржани и небезбедни патишта,** што има последици за мобилноста, локалниот развој и безбедноста.

Најниска оценка од сите услуги добива **енергетската инфраструктура** – 83% од испитаниците сметаат дека е со низок или недоволен квалитет, со сериозни забелешки за **неефикасност, загадување и недоволно вложување во одржливи извори на енергија.**

Овие резултати ја сигнализираат потребата од **стратегиски фокус на енергетска транзиција и вложување во зелена инфраструктура.**

## КОЛКАВИ СЕ МЕСЕЧНИТЕ ТРОШОЦИ ЗА ЈАВНИ УСЛУГИ НА ГРАЃАНИТЕ?

Иако голем дел од јавните услуги во Северна Македонија се формално достапни, граѓаните сè почесто се соочуваат со скриени или директни трошоци за нивно користење. Оваа секција ја анализира структурата и висината на месечните трошоци на домаќинствата поврзани со различни јавни услуги, со цел да се идентификуваат областите кои претставуваат најголем финансиски товар за граѓаните. Повеќето испитаници (График 1) изјавиле дека имаат **месечни трошоци до 5.000 денари** или **немаат трошоци** за јавни услуги. Сепак, длабинската анализа покажува дека зад оваа агрегатна слика се кријат **значителни варијации по сектори**, каде во одредени случаи трошоците достигнуваат и **над 30.000 денари месечно.**

**График 1: Износ на месечни издатоци за јавни услуги**

| | Немам трошоци | Од 1 до 5.000 денари | Од 5.001 до 10.000 денари | Од 10.001 до 30.000 денари | Над 30.000 денари | Не знам/ Не е применливо |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Образование и образовни услуги (материјали, дополнителни часови/ програми и школарина за приватно образование) | 21.89% | 22.89% | 20.15% | 9.70% | 9.95% | 15.42% |
| Лекови и медицински помагала, прегледи и испитувања | 8.21% | 53.98% | 24.63% | 7.21% | 1.99% | 3.98% |
| Интервенции, операции, болничко лекување | 41.79% | 13.43% | 8.96% | 7.46% | 7.71% | 20.65% |
| Грижа за деца од предучилишна возраст (градинки, дадилка, дополнителни трошоци за материјали за предучилишно образование) | 42.04% | 18.41% | 7.46% | 5.47% | 1.24% | 25.37% |
| Грижа и згрижување за стари лица | 45.02% | 5.22% | 5.97% | 6.97% | 10.20% | 26.62% |
| Транспорт (локален, приградски и меѓуградски) | 12.94% | 46.02% | 24.88% | 6.47% | 0.00% | 9.70% |

*Извор: Анкета за идентификување на приоритетите и потребите на граѓаните, 2025 година*

## Здравство: најраспространети трошоци, најголем системски товар

**Здравствените трошоци** се најчесто присутни кај испитаниците. Дури **54% од граѓаните** имаат **редовни месечни трошоци до 5.000 денари** за лекови, медицински помагала и испитувања. Најголем дел од овие трошоци се поврзани со **амбулантски лекови**, кои сочинуваат **80% од плаќањата од џеб**, според податоците од 2018 година. Постојат значителни разлики според квинтили на потрошувачка: кај посиромашните квинтили, речиси сите трошоци од џеб се однесуваат на лекови, додека побогатите домаќинства трошат и за други типови услуги (специјалисти, дијагностика, хируршки интервенции). Овој образец на трошење ја рефлектира не само економската моќ, туку и нееднаквиот пристап до здравствени услуги. Во однос на плаќањата од џеб, истражувањата покажуваат дека иако има тренд на намалување (од 62% во 2006 на 46% во 2018 година), тие и натаму сочинуваат значителен дел од буџетот на домаќинствата – околу 3% во просек, а кај најсиромашните – уште повеќе.

Во 2024 година, за првпат по 15 години, беше ревидирана позитивната листа на лекови. Оваа листа претставува механизам за рефундирање на основни лекови преку Фондот за здравствено осигурување. Ревизијата има за цел да го намали товарот врз граѓаните и да понуди подобар пристап до лекување. Сепак, ефектите од оваа мерка треба да се следат систематски, особено кај повозрасните и хронично болните пациенти[3].

Во нашето истражување, само **8% од испитаниците** пријавиле **трошоци над 30.000 денари за болничко лекување**, што се должи на **зголеменото користење на приватни болници** поради перцепиран подобар квалитет. Граѓаните најчесто се жалат на долгите листи на чекање и потребата да плаќаат дополнително дури и кога имаат упат од матичен лекар. Дополнително, неформалните плаќања се честа појава, особено во примарната гинеколошка заштита, што го зголемува **вкупниот финансиски товар.**

> *„Морам да доплаќам за многу лекови и услуги, што е многу големо оптоварување за моите месечни примања со мојата ниска пензија.*

А предизвик во здравствените системи со распространети неформални плаќања е тоа што е тешко е да се воведат политики за заштита на сиромашните луѓе и редовните корисници на здравствени услуги од изложеност на плаќања од џеб. Податоците од националните здравствени сметки ја покажуваат големата зависност на здравствениот систем на плаќања од џеб. Во 2018 година уделот за плаќање од џеб на тековните трошоци за здравство биле 42%, далеку над просекот на ЕУ од 22%.

И покрај воведот на доброволно здравствено осигурување (ДЗО)[4], кое овозможува пристап до приватни установи, неговиот опфат е многу низок (0.09% од трошоците за здравство во 2018), што укажува на **ограничено олеснување за граѓаните**.

## Образование: Скриени трошоци и дополнителни активности

Во секторот образование, **трошоците се многу варијабилни.** 23% од испитаниците трошат до 5.000 денари месечно, 20% – меѓу 5.001 и 10.000 денари, а уште 20% – над 10.000 денари. Овие варијации може да се должат на финансирање на дополнително образование надвор од редовната наставна програма, било како дел од неформалното образование или пак приватно образование. Овие трошоци најчесто се однесуваат на **материјали за учење, ужина (оброк) и 1-2 дополнителни курсеви или туторски часови кои се неопходни за совладување на наставната програма.**

Во фокус-групите беа посочени и **практики на префрлање на дел од трошоците врз родителите,** како што се купување хигиенски производи, печатен материјал или обезбедување продолжен престој по 15:30 часот што подразбира дополнителни трошоци за чување на детето од страна на семејството.

[3] https://www.who.int/europe/news-room/10-10-2024-north-macedonia-updates-positive-list-of-medicines-after-15-years--with-who-support
[4] https://zdravstvo.gov.mk/zakon-za-dobrovolno-zdravstveno-osiguruvanje/

## Градинки и долготрајна нега: Мала достапност, високи трошоци

Во областа на **предучилишното образование,** над **40% од испитаниците немаат трошоци,** што делумно се должи на **недостапноста на градинки,** а дел на **грижа во домашни услови.** Од оние што имаат трошоци, **најголем дел (18%) трошат до 5.000 денари,** што укажува на користење на јавни установи.

Многу покритичен е сегментот на **долготрајна нега.** Во Северна Македонија, државната поддршка е ограничена и претежно се базира на **неформална грижа и парични надоместоци.** Поради тоа, граѓаните се принудени да користат **приватни домови за стари лица,** каде што трошоците достигнуваат **10.000–30.000** денари, па и повеќе:

> *"Најчесто пензијата не ги покрива тие трошоци, и нашето семејство требаше да најде дополнителни средства, за да може мајка ми да биде сместена во приватен дом."*

Овие наоди укажуваат на потреба од **засилено вложување во јавни капацитети за нега** и подобра поддршка за семејствата кои се грижат за стари и зависни лица.

## Јавен транспорт и други услуги

Во делот на **јавниот транспорт, половина од испитаниците** имаат трошоци до 5.000 денари месечно, додека четвртина плаќаат и до 10.000 денари. Вакви трошоци особено ги засегаат граѓаните во **рурални средини**, каде **јавниот транспорт е нередовен, а патувањето до градовите бара дополнителни средства.**



# ШТО Е ВАЖНО ЗА ГРАЃАНИТЕ? ПЕРЦЕПЦИИ ЗА ПРИОРИТЕТИТЕ И МЕРКИТЕ ОД ВЛАДИНАТА ПРОГРАМА 2024–2028

**Социо-економска сигурност и можности за подобар живот.**

**Поддршка и критички осврти на граѓаните кон економските приоритети на Владата**

Резултатите од анкетата за идентификување на приоритетите и потребите на граѓаните (2025) обезбедуваат јасен увид во тоа како граѓаните ја оценуваат релевантноста и очекуваното влијание на различни владини приоритети врз нивната социо-економска благосостојба. Одговорите се поделени според интензитетот на перцепираниот придонес на секоја мерка, со можност за оценка од „воопшто не придонесува" до „целосно придонесува". Анализата ги групира наодите по ниво на поддршка и идентификува клучни трендови и импликации (График 2).

**График 2: Став на граѓаните околу приоритетите за подобрување на социо-економската состојба**

| | Воопшто не придонесува | Малку придонесува | Делумно придонесува | Многу придонесува | Целосно придонесува | Не е применлив Не сум запознаен/ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Намалување на буџетскиот дефицит и јавниот долг | 1.99% | 11.44% | 37.56% | 26.87% | 16.67% | 5.47% |
| Отворање нови работни места | 0.25% | 4.48% | 15.17% | 44.53% | 35.57% | 0.00% |
| Зголемување на платите на вработените во јавната администрација со растот на економијата | 12.19% | 13.93% | 32.09% | 20.15% | 21.14% | 0.50% |
| Зголемен износ на капитални инвестиции на државата | 0.25% | 4.48% | 15.92% | 40.30% | 37.06% | 1.99% |
| Укинување на тарифата за пристап до мрежа во тарифниот систем за снабдување со електрична енергија | 3.98% | 13.93% | 27.61% | 26.62% | 18.41% | 9.45% |
| Заштита на конкуренцијата за пониски цени | 2.49% | 6.97% | 29.35% | 35.82% | 19.90% | 5.47% |
| Флексибилност на пазарот на труд | 0.75% | 3.23% | 29.35% | 43.28% | 20.15% | 3.23% |
| Зголемување на социјалната помош за најранливте категории на граѓани | 3.73% | 11.69% | 32.84% | 30.85% | 17.16% | 3.73% |
| Можност за секое дете да посетува градинка | 0.00% | 3.48% | 18.41% | 36.57% | 40.55% | 1.00% |
| Унапредување на системот за безбедност и заштита при работа | 1.24% | 7.71% | 30.10% | 34.58% | 25.37% | 1.00% |

*Извор: Анкета за идентификување на приоритетите и потребите на граѓаните, 2025 година*

### Приоритети со највисока јавна поддршка: Работни места, инвестиции и детска грижа

Во делот на социо-економските политики, на врвот на јавната поддршка се наоѓаат три приоритети, кои се издвојуваат по убедливата поддршка од над 75% од испитаниците:

- **Отворање нови работни места (80.1%):** Граѓаните ја препознаваат вработеноста како клучна за економска сигурност, достоинство и благосостојба. Исклучително ниският процент на негативни одговори (под 5%) го прави овој приоритет речиси универзално прифатен. Ова е во согласност со приоритетите содржани во Програмата на Владата за 2024–2028, каде што е предвидено создавање на 55.000 нови работни места до крајот на 2028, со цел намалување на невработеноста на 7,5%.

- **Зголемување на капиталните инвестиции (77.4%):** Процентот од **77% позитивни одговори** укажува на **широк јавен консензус дека Владата треба да игра активна улога во економскиот развој** преку капитални проекти. Според програмските обврски, Владата планира **годишни капитални трансфери до општините во износ од 250 милиони евра во периодот 2024–2028,** што претставува сериозен ангажман. Сепак, оваа **финансиска поддршка создава и зголемени очекувања** – граѓаните бараат **видливи и одржливи резултати,** кои ќе зависат од **ефикасна имплементација и отчетност** на централните и локалните власти.

- **Можност секое дете да посетува градинка (77.1%):** Високата поддршка укажува на тоа дека предучилишната грижа е препознаена како општествена и економска потреба – особено важна за активниродители и ранливи групи. Мерката е и директно поврзана со родовата еднаквост и детскиот развој.

### Умерено поддржани, но значајни реформи: Пазар на труд, заштита при работа, конкуренција

Во втората група се наоѓаат приоритети што добиваат поддршка од 55% до 65% од испитаниците. Тие се однесуваат на структурни или регулаторни реформи со среднорочен ефект:

- **Флексибилност на пазарот на труд (63.4%):** Отвореноста на граѓаните кон флексибилни форми на вработување укажува на потреба од поголема адаптибилност на пазарот, особено за младите и жените.

- **Унапредување на системот за безбедност и заштита при работа (59.9%):** Повеќе од половина од испитаниците ја гледаат безбедноста на работното место како клучен аспект на достоинствена работа. Ова е релевантно во контекст на високиот број повреди при работа и недоволно развиените механизми за превенција и надзор.

- **Заштита на конкуренцијата за пониски цени (55.7%):** Граѓаните ја препознаваат важноста за овозможување на ферконкуренција за заштита на потрошувачите, особено во период на инфлаторни притисоци. Сепак, процентот на одговори „делумно придонесува“ (29%) укажува на одредена резерва или недоволна информираност за механизмите за државнарегулација на бизнисот. Во Програмата на Влада за периодот 2024 -2028 е предвидено зголемување на административниот капацитет, кадровската екипираност и буџетската поддршка на Комисијата за заштита на конкуренцијата.

### Поларизирани приоритети: Социјална помош, фискална стабилност и енергетски тарифи

Неколку приоритети добиваат помеѓу 40% и 50% поддршка, но истовремено бележат повисоки стапки на негативни ставови или неодлучност. Ова ги прави поларизирани, со потреба од дополнително објаснување и комуникација:

- **Зголемување на социјалната помош за ранливите категории (48%):** Иако речиси половина од испитаниците ја поддржуваат оваа мерка, 15.4%изразиле негативен став. Причините може да се објаснат во перцепции за неефикасно таргетирање, злоупотреба или фокусот на пасивни, наместо активни мерки за поддршка.
- **Намалување на буџетскиот дефицит и јавниот долг (43.5%):** Иако 38% сметаат дека мерката „делумно придонесува", постои недоволна свест за директните ефекти на фискалната стабилност врз животниот стандард. За голем дел од населението, оваа тема останува техничка и оддалечена од секојдневните потреби.
- **Укинување на тарифата за пристап до мрежа (струја) (45%):** Највисок процент на неодлучни испитаници (9.5%) укажува на ниска информираност за енергетската регулатива. И покрај тоа, скоро половина ја сметаат мерката за важна, што отвора простор за зголемена јавна едукација и транспарентност во ценовната политика.

### Контроверзен приоритет: Плати во јавната администрација

**Зголемување на платите на вработените во јавната администрација со растот на економијата** добива **поддршка од 41.3%,** додека над **една четвртина од испитаниците (26.1%)** имаат негативен став. Оваа мерка е најконтроверзна, со најизразена поделба во мислењата. Поддршката може да доаѓа од јавниот сектор и лица што го поддржуваат принципот на автоматски раст. Од друга страна, недовербата во јавната администрација и нејзината ефикасност веројатно стои зад критичните ставови. Перцепцијата за непотизам, слаба отчетност и нефер третман на приватниот сектор ја поткопува легитимноста на оваа мерка.



## ОБРАЗОВАНИЕ: ВИСОКИ ОЧЕКУВАЊА И ПОТРЕБА ОД СУШТИНСКИ РЕФОРМИ

Граѓаните покажуваат висок интерес и очекувања во однос на реформите во образованието. Повеќе од половина од испитаниците веруваат дека предложените мерки од Владината програма многу или целосно би придонеле за подобрување на образовниот систем (График 3). Највисоко рангирани се темелната ревизија на Концепцијата за основно образование (79%) и зголемувањето на буџетот за образованието (78%), што укажува на потребата за темелна и долгорочна трансформација, а не само козметички интервенции.

**График 3: Став на граѓаните околу приоритетите за подобрување на образованието**

| | Воопшто не придонесува | Малку придонесува | Делумно придонесува | Многу придонесува | Целосно придонесува | Не е применливо/ Не сум запознаен/а |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Зголемување на буџетот за образованието | 1.49% | 2.24% | 17.16% | 40.05% | 37.81% | 1.24% |
| Сеопфатна ревизија на Концепцијата за основното образование, како и наставните планови и програми | 2.74% | 3.23% | 14.68% | 29.35% | 49.25% | 0.75% |
| Формирање на посебни центри за поддршка за работа со талентирани и надарени ученици | 1.00% | 2.49% | 18.91% | 33.58% | 43.28% | 0.75% |
| Развој на Програми за спречување на насилство во училиштата и за безбедна училишна средина | 1.24% | 2.99% | 23.38% | 33.33% | 38.56% | 0.50% |
| Отворање Центар за обука и развој на наставниците и стручните соработници | 3.23% | 2.74% | 16.92% | 34.83% | 41.29% | 1.00% |
| Формирање на Национално координативно тело за реформи во високото образование, науката и истражувањето и развојот | 6.72% | 9.70% | 25.37% | 26.62% | 28.61% | 2.99% |
| Инфраструктурни услови за едносменска настава во училиштата и продолжен престој (целодневна настава) | 2.49% | 4.73% | 23.88% | 35.82% | 31.59% | 1.49% |

*Извор: Анкета за идентификување на приоритетите и потребите на граѓаните, 2025 година*

### Поддршка за постојните приоритети, но со сомнеж во реализацијата

Во контекст на образовните политики, може да се забележи дека поставените приоритети од Владата се поддржуваат од страна на граѓаните како мерки кои би влијаеле на квалитетот на образованието. Реализацијата на дел од мерките веќе е започната. Конкретно, Министерството за образование и наука иницираше процес на консултација за Концепцијата за основно образование[5], по што се направија одредени измени на истата, особено во начините на изучување на интегрираните предмети, согласно кои се развија нови наставни програми за седмо одделение. Со Годишниот план на МОН за 2025 година, се планира етапно имплементирање на Концепцијата во основните училишта[6]. Квалитативните податоци добиени со дискусии во фокус групи укажуваат на генерална согласност на засегнатите родители и наставници со општата цел на Концепцијата, но незадоволство од реализацијата.

> *„Како родител, мислам дека сум еден од ретките кој ја прочитал Концепцијата, како правец е многу добра. Гледајќи го начинот како се спроведуваше имаше проблеми во однос на пренесување. Во моментов сме во вакуум простор. Дел наставници ентузијастички ја применуваат, а други ставиле крст од почетокот.“*

> *„Имаме пракса тоа што е на хартија да изгледа многу добро, но во реализација потфрламе. Обуката беше смешна. Не оставија како риби на суво, не се изведува во пракса, лутаме. Целите по историја се многу ниско ниво, препознавање. Не е тоа што треба да биде.“*

Овие ставови сугерираат дека **разликата помеѓу дизајнот и реализацијата на политиките** останува клучна пречка за вистински реформи.

[5] https://www.slobodnaevropa.mk/a/33202035.html
[6] https://mon.gov.mk/stored/document/Godishen%20plan%20za%20MON%202025-1.pd

### Поддршка на талентирани ученици: Декларативна, но не и системска

Како една од активностите во Програмата на Владата која е реализирана е и формирањето на Национално координативно тело за реформи во високото образование, науката и развојот со конкретно дефинирани области на работа.[7]

77% од испитаниците ја поддржуваат идејата за формирање **специјализирани центри за надарени ученици,** што го потврдува интересот за развој на индивидуалните потенцијали. Меѓутоа, досега **недостасува системски пристап,** освен поединечни стипендии и поддршка за учество на натпревари.

МОН планира Концепција за надарени и талентирани ученици[8] до крајот на годината, што е позитивен сигнал, но квалитативните согледувања откриваат **проблем со распределбата на заслугите и стимулите:**

> *„Талентираните и надарените деца се задоволуваат и со браво. Тие работата за лична сатисфакција“*

> *„Детето освојува награди, земаат приватни часови, а наставничката зема награда за постигнатиот успех, иако не работела со ученикот.“*

Ова укажува дека за системската поддршка да биде ефективна, таа мора да биде **праведна, транспарентна и заснована на реален придонес.**

### Континуиран развој на наставниот кадар: Висока поддршка, но системска нестабилност

Со 76% поддршка, граѓаните го гледаат **континуираниот професионален развој** на наставниците како еден од најважните механизми за подобрување на квалитетот на образованието, имајќи ја предвид ниската оценка на квалитетот на наставниот кадар. Систематскиот професионален развој на кадарот низ годините не се спроведува континуирано и е многу зависен од странски донатори и проекти, кои не се секогаш поврзани со реалните потреби на воспитно-образовниот кадар. Во последните две години, со поддршка на Проектот за унапредување на основното образование (Светска Банка) се воспостави систем на избор на понудувачи на обуки, се разви Каталог на обуки[9] и според податоците од МОН - 15.985 наставници и 874 стручни соработници во 2024[10] ги подобриле своите компетенции преку учество на обуки по личен избор. Се очекува бројот да се зголеми во 2025 година, за што е обезбеден буџет, но многу е важно државата да предвиди буџет за континуиран професионален развој и по завршување на траењето на грантот од Светска Банка и истиот модел да го прошири и во средното образование. Во таа насока, дел од Бирото за развој на образованието постепено би можело да прерасне во Центар за обука на наставници и стручни соработници. Сепак, ефектите на подобрување на компетенциите не би биле целосни додека не се воспостави систем на континуирана менторска и советодавна поддршка, не само во рамки на училиштето туку и од страна на институциите (Бирото за развој на образованието и Центарот за стручно образование и обука).

Идејата за основање **Центар за обука на наставници и стручни соработници** е поддржана, но со резерви: едни сметаат дека само ќе се промени името; Други ја гледаат како можност за изградба на **култура на доживотно учење.** Обуката на наставниците и стручните соработници разбирливо е еден од приоритетите на граѓаните.

[7] https://mon.gov.mk/content/?id=8868
[8] https://mon.gov.mk/stored/document/Godishen%20plan%20za%20MON%202025-1.pdf
[9] https://www.bro.gov.mk/wp-content/uploads/2022/10/Akreditirani-obuki-MK.pdf, https://www.bro.gov.mk/wp-content/uploads/2022/11/K%D0%B0%D1%82%D0%B0%D0%BB%D0%BE%D0%B3-%D0%B7%D0%B0-%D1%81%D1%82%D1%80%D1%83%D1%87%D0%BD%D0%B8-%D1%81%D0%BE%D1%80%D0%B0%D0%B1%D0%BE%D1%82%D0%BD%D0%B8%D1%86%D0%B8-%D0%BC%D0%B0%D0%BA%D0%B5%D0%B4%D0%BE%D0%BD%D1%81%D0%BA%D0%B8.pdf
[10] https://mon.gov.mk/stored/document/Godishen%20plan%20za%20MON%202025-1.pdf

**Безбедна училишна средина: Висок приоритет, слаба реализација**

72% од граѓаните ја поддржуваат мерката за развивање **Програми за спречување на насилство**, особено поради зачестените инциденти во јавноста. Иако со измените во Законот за основно образование (член 22) оваа мерка е вклучена, **во Планот за 2025 не се предвидени конкретни активности.** Единствена интервенција е примена на **Упатството за постапување со ученик жртва на насилство** и унапредување на компетенциите на просветните инспектори за постапување при случаи на насилство[11].

Потребата за зголемен фокус на оваа проблематика е потврден и за време на дискусиите во фокус групите, каде и претставниците на училишниот кадар и родителите се согласуваат дека треба да се работи и со учениците и со родителите. Сепак, додека наставниците сметаат дека прилично се работи на оваа тема, дел од родителите сметаат дека недоволно се реагира навремено и дека постапувањето по случаите е про-форма.

> *„Имам чувство дека не се евидентираат случаите, не се работи со тие деца и родители... Најстрашно што се случи е дека не се евидентираат. Упатството за постапување вели дека училиштата треба да направат нивен протокол. Нашето училиште немаше изработено, па дадое документ за да го прочитаме (Советот на родители). Бев запрепастен бидејќи сите училишта имаат копирано протокол од едно училиште, не знам кое, со потписи на наставници од друго училиште.“*

Ова укажува дека политиката за безбедна училишна средина **нема функционален механизам за имплементација,** ниту доволно обучен кадар.

Квалитативните податоци укажуваат на неколку дополнителни приоритети, кои не се споменати во Програмата на Владата. Конкретно, проблемот со инфлацијата на одлични ученици, особено во основното образование, се смета за дел од срʼжта на нискиот квалитет на образованието бидејќи ефектите од необјективноста во оценувањето се провлекуваат и низ повисоките нивоа на образование. Понатаму, недостатокот на наставен кадар, особено од областа на природните и математички предмети, е перцепиран како проблем кој сѐповеќе ќе се зголемува и може дополнително да го загрози квалитетот. Значајно е Владата да вклучи поконкретни мерки за справување со овие проблеми.

Покрај овие приоритети, граѓаните сметаат дека образованието генерално, не ги подготвува младите за понатамошните предизвици во нивното образование (академско или подруго понатамошно усовршување), пазарот на трудот и предизвиците во животот воопшто. Ова се надоврзува со највисоко оценетиот приоритет околу наставните планови.

> *„Наставните планови, во секој степен на образованието, од основно, па до факултет, се преоптоварени со разно-разни стандарди и концепции. Ретко кој наставен план или акредитација е најнапред интердисциплинарна и вклучува изучување и интегрирање на повеќе дисциплини и уште поретко кој од нив нѐ подготвува за понатамошните предизвици во животот“*

[11] https://mon.gov.mk/stored/document/Godishen%20plan%20za%20MON%202025-1.pdf

## ЗДРАВСТВО: НАЈГОЛЕМ КОНСЕНЗУС ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНИТЕ УСЛУГИ

Здравството претставува една од највисоко рангираните приоритетни области според перцепциите на граѓаните. Резултатите од анкетата укажуваат на **широка јавна поддршка** за предложените реформи во здравствениот сектор, со **висок степен на усогласеност меѓу Владината програма и приоритетите на граѓаните.** Истовремено, квалитативните наоди посочуваат на **структурни слабости,** како што се застарената инфраструктура, недостиг на кадар и административни бариери. График 4 дава преглед на приоритетите во здравство.

**График 4: Став на граѓаните околу приоритетите за подобрување на здравството**

| | Воопшто не придонесува | Малку придонесува | Делумно придонесува | Многу придонесува | Целосно придонесува | Не е применливо/Не сум запознаен/а |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Зголемување на акцизите за цигари и алкохол | 7.46% | 15.17% | 29.60% | 23.88% | 20.40% | 3.48% |
| Нови вработувања на медицинскиот кадар | 0.50% | 2.74% | 17.91% | 41.04% | 37.31% | 0.50% |
| Континуиран раст на платите во здравствениот сектор | 0.50% | 2.74% | 19.65% | 42.04% | 34.58% | 0.50% |
| Намалување на административните обврски на здравствените работници | 1.00% | 5.22% | 23.63% | 39.30% | 28.11% | 2.74% |
| Стимулативни мерки за здравствените работници во рурални средини | 0.25% | 0.75% | 13.43% | 41.54% | 42.54% | 1.49% |
| Транспарентност и намалување на листите на чекање | 0.50% | 1.00% | 8.46% | 35.07% | 53.98% | 1.00% |
| Регионална покриеност на примарна и секундарна здравствена заштита | 0.25% | 1.99% | 7.96% | 41.04% | 47.26% | 1.49% |
| Ограничување на маржите на лековите, потрошниот материјал, медицинската опрема и суплементите | 1.24% | 3.48% | 17.91% | 31.84% | 41.79% | 3.73% |
| Здравствено осигурување за сите деца | 1.00% | 1.74% | 6.47% | 22.64% | 67.16% | 1.00% |
| Реконструкција и модернизација на здравствените домови | 0.25% | 1.49% | 7.46% | 29.85% | 60.70% | 0.25% |

*Извор: Анкета за идентификување на приоритетите и потребите на граѓаните, 2025 година*

### Инфраструктура и пристапност: Потреба од итна модернизација

Највисока поддршка (91%) граѓаните изразиле за **реконструкцијата и модернизацијата на здравствените домови,** што е директно поврзано со нивното изразено незадоволство од постојната здравствена инфраструктура. Станува збор за објекти кои **долго време не се обновуваат,** а многу од нив не ги задоволуваат стандардите за современа здравствена заштита. Па така, инфраструктурата останува „старовремска" од гледна точка на модернизацијата, економичноста, и квалитетно окружување за современа нега на пациентите, но и за здравјето и безбедноста на персоналот во смисла на работните услови.

Понатаму, 88% од испитаниците ја поддржуваат **подобрата регионална покриеност со примарна и секундарна здравствена заштита.** Ова особено добива на значење ако се има предвид дека **речиси половина од сите болнички легла се лоцирани во Скопје,** додека таму живее само околу 31% од населението, што, дури и ако се земе предвид сконцентрираноста на терцијарната нега, претставува значително нерамномерно географско распоредување. Ова н**ерамномерно распределување** резултира со ограничен пристап до болничка грижа во внатрешноста.

### Универзален пристап и транспарентност: Клуч за правично здравство

Граѓаните испраќаат јасен сигнал за потребата од **еднаков и правичен пристап до здравствени услуги,** без административни пречки и нееднаквост во третманот. Мерките за **здравствено осигурување за сите деца (90%) и намалување на времето на чекање со поголема транспарентност (89%)** се меѓу најподдржаните во оваа област. Иако, согласно Законот за здравствено осигурување децата се здравствено осигурани преку родителите, во пракса често се случува **да останат без осигурување** кога родителот изгубил работа, се вработил во неформален сектор или има прекин во пријавата во Фондот за здравство:

> *„Ние често имаме проблем, кога родител ќе остане без работа или менува работно место, децата се без ЗО и ако е потребно лекови или нешто друго, треба да се плати се на приватно“*

Ова укажува на потребата за **автоматски и независен статус на здравствено осигурување за децата,** како основно социјално право, независно од вработеноста на родителите.

### Инвестирање во кадар и подобрување на условите

Висока стапка на поддршка кај испитаниците има и во делот на човечките ресурси во здравствениот сектор, во смисла на континуиран раст на плати (77%), намалување на административните обврски (67%) и нови вработувања (78%) и стимулативни мерки за работа во руралните области (84%).

> *„Емигрирав во друга земја поради подобри работни услови и повисоки плати. Во Македонија, здравствениот систем е потфинансиран и не нуди можности за развој на медицинските кадри.“*

Со Стратегијата за здравство на Република Северна Македонија 2021 – 2030[12] се поставуваат приоритетите за инвестирање во градби, технологии и програми за да се одговори на потребата и побарувачката од здравствената заштита, кои постојано еволуираат. Критичен фактор во целата таа промена и модернизација на системот е инвестирањето во човечките ресурси, за да се создаде и оспособи стручен и раководен кадар за брз развој на здравствената заштита, со вештини и капацитети потребни за извлекување на максималните вредности од инаку оскудните ресурси. Инвестирањето во човечките ресурси е подеднакво важно колку и инвестирањето во опрема и технологии. Ова го потврдуваат и наодите од фокус групата кои покрај модернизацијата ја истакнуваат потребата од квалитетен здравствен персонал.

Најниско ниво на поддршка е забележано за мерката за **зголемување на акцизите за цигари и алкохол** – само 23% сметаат дека оваа мерка би придонела кон подобрување на здравјето. Сепак, квалитативните податоци укажуваат дека **ваквите мерки би биле прифатени доколку се поврзат со заштита на младите и пристап до услуги за одвикнување.** Ова покажува дека дури и „непопуларните“ фискални мерки може да добијат поддршка ако се презентирани како **социјално праведни и фокусирани на јавното добро.**

[11] https://zdravstvo.gov.mk/wp-content/uploads/2021/12/19.11.-SZ-posledna-Konechna-Natsrt-Strategija-MKD.pdf

## МЛАДИ СО ЈАСНИ ПРИОРИТЕТИ: ФЛЕКСИБИЛНА РАБОТА, ПОДОБРО ДОМУВАЊЕ И ПОДДРШКА ЗА МЛАДИ

Анкетата покажува силен консензус околу клучните приоритети поврзани со младите, особено во делот на пристапот до работа, домување и финансиска независност (График 5). Високи **82% од испитаниците** ја поддржуваат **можноста студентите да работат со скратено работно време,** што укажува на растечка потреба за **флексибилност во студирањето и можности за дополнителен приход.** Оваа поддршка е значајна и како одраз на промената во перцепцијата за младинскиот труд – од нешто невообичаено, кон механизам за поголема економска мобилност.

**График 5: Став на граѓаните околу приоритетите за подобрување на благосостојбата на младите**

| | Воопшто не придонесува | Малку придонесува | Делумно придонесува | Многу придонесува | Целосно придонесува | Не е применливо/ Не сум запознаен/а |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Финансиски средства за претприемнички иницијативи за младинското вработување | 1.00% | 6.22% | 18.91% | 45.52% | 27.36% | 1.00% |
| Зголемена почетна финансиска поддршка за млади кои ќе започнат да сезанимаваат со земјоделство | 1.24% | 2.99% | 16.67% | 40.30% | 38.31% | 0.50% |
| Реновирање на студентските и ученичките домови | 0.50% | 1.49% | 17.66% | 39.55% | 40.05% | 0.75% |
| Зголемување на буџетот за стипендии за студенти и средношколци | 1.00% | 2.49% | 18.41% | 41.29% | 36.32% | 0.50% |
| Обуки за дигитални вештини | 0.75% | 4.48% | 18.91% | 43.53% | 32.09% | 0.25% |
| Можност за работа на скратено работно време за студентите | 0.75% | 1.49% | 15.92% | 38.31% | 43.28% | 0.25% |
| Ваучери за дигитални уреди во вредност од 250 евра | 4.73% | 15.42% | 33.83% | 26.12% | 18.16% | 1.74% |
| Воспоставување на младински центри во општините | 3.98% | 11.94% | 30.10% | 32.09% | 20.40% | 1.49% |
| Ослободување од плаќање на данок на доход за новововработени млади лица до 29 години | 3.23% | 6.22% | 21.14% | 33.08% | 34.58% | 1.74% |
| „Купи куќа" за млади | 3.48% | 6.97% | 22.39% | 30.35% | 34.33% | 2.49% |

*Извор: Анкета за идентификување на приоритетите и потребите на граѓаните, 2025 година*

Истовремено, **реновирањето на студентските и ученичките домови** е исто така силно поддржано од 80% од испитаниците, што дополнително ја потенцира потребата за подобри услови за живот и учење на студентите, како и долгогодишнито реагирање на студентите за лошите услови и сместувањето во студентските и ученичките домови.[13] Значителна поддршка (79%) има и зголемената почетна финансиска поддршка за младите кои ќе започнат да се занимаваат со земјоделство, што укажува на интерес за поттикнување на руралниот развој, самовработувањето и обновување на земјоделскиот сектор. Ова истовремено укажува на промена во професионалните интереси на младите, кои сè повеќе ги разгледуваат алтернативите надвор од традиционално преферираните сектори како ИТ, медицина, право и политика. [14]

**Финансиската помош за млади претприемачи** добива поддршка од **73% од испитаниците,** што ја потврдува потребата за ублажување на бариерите за влез на младите во бизнисот. Податоците се комплементарни со ставот на 66% кои ја поддржуваат **мерката за ослободување од данок на доход за новововработени до 29 години** – што укажува на тоа дека младите имаат желба да се активираат, но ја чувствуваат тежината на системот.

[13] Младински образовен форум, 2022 „Сè расте, само студентскиот стандард опаѓа"
[14] Унапредување на економиите за посилни заедници, 2023 „Младински аспирации за кариера и вештини "

Овие бројки се потврдуваат и со интервјуата кои ги направивме со граѓаните. Тие велат дека освен финансиските предизвици кои постојат при отпочнување на сопствен бизнис, процесот е исполнет со низа бирократски и коруптивни лавиринти и е виртуелно невозможно да се отпочне свој бизнис, а уште потешко да се одржува. Иако потенцираат дека социјалните мрежи и можноста за зачнување и споделување на некоја претприемачка идеја е многу полесна, бидејќи позитивно-правната регулатива, истото не го регистрира и препознава како бизнис.

Тенденцијата кон поголема финансиска и животна независност на младите е видлива и во поддршката од 64% за мерката „Купи куќа, купи стан", што укажува на зголемена свесност за важноста на решавањето на станбеното прашање на младите.

> *„Бројките на испитувања кои се појавуваат низа години наназад, кои покажуваат дека на Балканот, но во Македонија посебно, младите најдоцна се осамостојуваат и живеат сами. Но, наместо потсмев, реакцијата треба да е посериозна. Тоа е резултат на инфлацијата на цени на пазарот на недвижнини, високи трошоци поврзани со самостојниот живот и пренаселеноста во одредени урбани средини."*

И покрај доминантната поддршка за мерки насочени кон флексибилна работа, домување и самовработување, одредени мерки добија **поумерена или ниска поддршка од испитаниците.** Дел од младите се изјасниле дека **ослободувањето од данок на доход за нововработени до 29 години,** иако позитивно дочекано, **не е доволно системски поткрепено со долгорочна вработеност или кариера,** туку се доживува како времен поттик. Исто така, иако **финансиската поддршка за млади претприемачи** е добредојдена, дел од испитаниците укажуваат дека без паралелна поддршка во форма на менторство, деловни мрежи или едноставна регулатива, оваа мерка може да остане **симболична и неефективна.** Ваквите реакции сигнализираат дека младите не ја гледаат секоја мерка како доволна сама по себе, туку очекуваат **поврзани, долгорочни и структурни решенија,** кои ќе ја подобрат нивната економска позиција и ќе овозможат реална животна самостојност.



## ПОГОЛЕМА ПОДДРШКА ЗА ЖЕНИТЕ: АКТИВАЦИЈА, РАМНОПРАВНОСТ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

Резултатите од анкетата покажуваат високо ниво на јавна поддршка за приоритетите насочени кон подобрување на положбата на жените, особено во делот на економската активација, родовата еднаквост и заштитата од дискриминација (График 6). Ова ја потврдува и подготвеноста на јавноста да прифати мерки кои го надминуваат статус-кво-то и адресираат длабоки родови нееднаквости. Највисока поддршка (79%) добива **мерката за флексибилно работно време на работните места, што укажува на силна потреба кај жените за балансирање на професионалните и приватните обврски.** Достапноста на јавни сервиси за згрижување на деца е директно поврзана со можноста жените да учествуваат на пазарот на труд, особено во семејства каде нема можност за неформална грижа.

> *„Познавам жена со три деца која не работи во моментов бидејќи нема кој да ѝ ги чува децата. Во училиштето нема целодневна настава, додека за место во градинките има долга листа на чекање. Таа е невработена во моментов поради недостиг на установи за грижа на деца во градинка и училиштна возраст, до момент кога ќе можат да седат сами“.*

Второ по важност е **намалувањето на разликите во платите помеѓу мажите и жените**, со поддршка од 74%. Последните податоци од Државниот завод за статистика за нето-заработувачка за 2022 година, укажуваат на **родов јаз во платите од 4345 денари.**

Следува мерката поддржана од 63% од граѓаните поврзана со **зголемување на бројот на бесплатни ин витро постапки од три на шест.** Поддршката на оваа мерка е поврзана и со приоритетите во секторот здравство од График 4, како и од укажаните приоритети на граѓаните за квалитетен живот (График 7), каде што жените највисоко ги рангираат достоинствените работни места и пристапот до здравствени услуги.

Дополнително, **63% и 57% од испитаниците** поддржуваат мерки за ослободување на **плаќање на придонеси и поврат на данок на личен доход,** соодветно. Ова покажува дека јавноста ја поддржува активната улога на приватниот сектор во решавање на структурната женска невработеност, но истовремено испраќа и сигнал за внимателен дизајн на овие политики за да не се создаде двојна дискриминација – каде жените би биле вработувани само поради финансиски мотиви.

Од друга страна, нешто поумерена поддршка добива мерката што нуди **државна помош за отворање приватни детски градинки (53%),** додека во претходна секција на анкетата за мапирање на социо-економските приоритети, можноста за секое дете да посетува градинка беше поддржана од 77% од испитаниците. Оттука, може да се претпостави дека граѓаните преферираат да користат јавни установи за предучилишно образование, каде што трошоците се значително пониски.



**График 6: Став на граѓаните околу приоритетите за подобрување на благосостојбата на жените**

| | Воопшто не придонесува | Малку придонесува | Делумно придонесува | Многу придонесува | Целосно придонесува | Не е применливо/ Не сум запознаен/а |
|---|---|---|---|---|---|---|
| До шест бесплатни ин витро постапки | 2.74% | 7.46% | 22.39% | 31.84% | 31.34% | 4.23% |
| Овозможување на флексибилно работно време на работните места | 1.24% | 3.73% | 15.67% | 39.05% | 40.30% | 0.00% |
| Ослободување од плаќање на придонеси од задолжително здравствено и осигурување во случај на невработеност, како и данок на личен доход во период од 3 години, за фирмите кои ќе вработат мајки на три или повеќе деца | 3.23% | 6.72% | 24.63% | 29.60% | 33.33% | 2.49% |
| Една година поврат на уплатен данок на личен доход за прворodено дете, две години за второродено дете и поврат на уплатен данок на личен доход за треторoдено дете и секое следно родено дете, се' до полнолетство на прворoденото дете | 3.73% | 7.21% | 27.36% | 27.11% | 30.35% | 4.23% |
| Намалување на разликите во платите помеѓу мажите и жените, преку воспоставување на неутрален план за класификација на занимањата во кои доминираат работничките | 1.99% | 6.47% | 15.67% | 26.87% | 47.01% | 1.99% |
| Државна помош за отворање приватни детски градинки | 9.20% | 10.70% | 24.63% | 26.87% | 25.87% | 2.74% |

*Извор: Анкета за идентификување на приоритетите и потребите на граѓаните, 2025 година*

**Родови разлики во перцепциите: Поддршката не е секогаш еднаква**

Дезагрегацијата на податоците по пол открива **разлики во степенот на поддршка за мерките насочени кон подобрување на положбата на жените.** Иако генерално преовладува позитивен став, **машките испитаници изразуваат помала поддршка** за поголем дел од предложените мерки, во споредба со жените.

Особено изразени разлики се забележуваат кај **три приоритети**. Жените значително повеќе ја поддржуваат **можноста за флексибилно работно време,** како и **државната помош за отворање на приватни градинки**, што веројатно произлегува од нивната поголема вклученост и товар во грижата за децата.

Најголема родова разлика во перцепцијата е забележана кај прашањето за **разликите во платите помеѓу мажите и жените,** каде **поделбата на мислења изнесува 28 процентни поени** (п.п.) – со значително повисока загриженост и поддршка од страна на жените. Ова укажува дека иако родовите прашања се важни за општеството во целина, **жените почесто ја препознаваат нивната директна поврзаност со сопствениот живот и економска положба.**

Овие разлики во перцепцијата дополнително ја потенцираат потребата од **посветена комуникација и објаснување на придобивките од родово сензитивните политики,** не само кон жените – туку и кон мажите, со цел да се гради поширока општествена поддршка за вистинска еднаквост.

# ШТО Е НАЈВАЖНО ЗА КВАЛИТЕТЕН ЖИВОТ СПОРЕД ГРАЃАНИТЕ И КОЈ НАЈМНОГУ ПРИДОНЕСУВА?

## ДОБРАТА КАРИЕРА И ДОСТАПНОТО ЗДРАВСТВО СЕ НАЈВАЖНИ ЗА КВАЛИТЕТОТ НА ЖИВОТОТ

Резултатите од анкетата откриваат **јасна хиерархија на приоритети** кои, според граѓаните, најмногу влијаат врз нивниот квалитет на живот. **Достоинствените работни места, можностите за вработување и пристапот до квалитетни здравствени услуги** се рангирани како најважни аспекти (График 7). Со оглед на тоа што создавањето нови работни места е истакнато како прв приоритет и во социо-економскиот сегмент и во овој дел, ова сигнализира силно очекување од јавноста за политики кои ќе го поттикнат растот на вработеноста.

Кај **здравството** граѓаните можеби ја гледаат реконструкцијата на здравствената инфраструктура како итна потреба во рамките на здравствениот сектор, но во исто време сметаат дека финансиската стабилност и вработеноста имаат поголемо и подиректно влијание врз нивното секојдневие. Ова сугерира дека, иако подобрувањето на болниците и клиниките е важно, тоа можеби не нуди веднаш опипливи придобивки како што тоа го прават сигурноста на приходите и економската стабилност. Во овој дел од анкетата јавниот транспорт и енергетската инфраструктура се рангирани прилично ниско, иако овие две јавни услуги во претходни сегменти од анкетата беа рангирани со изразено негативни оценки. Ова сигнализира дека, иако препознаваат проблеми во овие области, нивниот животен стандард е повеќе зависен од други фактори. Со најнизок приоритет, граѓаните ги гледаат достапноста на културни и рекреативни активности и добриот баланс помеѓу работата и слободното време што може да укажува дека овие приоритети се веќе задоволени, или пак се значително помалку важни во споредба со потребите за квалитетни работни места, здравство и образование.

### Различни ставови за рангирање на најважните аспекти за квалитетен живот помеѓу половите

Разгледувајќи ги резултатите според пол, се забележуваат **значајни разлики во перцепциите** (График 7). Мажите, на пример, повисоко го рангираат справувањето со корупцијата, додека жените се повеќе фокусирани на работните услови и здравствените услуги – што го отсликува родовиот товар поврзан со грижата и социјалната сигурност.

**График 7: Резултати од рангирање на најважните аспекти за подобрување на квалитетот на живот**




*Извор: Анкета за идентификување на приоритетите и потребите на граѓаните, 2025 година*

## Кој треба да носи најголема одговорност?

Во контекст на исполнување на овие приоритети, **граѓаните имаат највисоки очекувања од централната влада.** Според График 8, Владата се смета за главен носител на обврски за подобрување на квалитетот на животот, додека **општините се позиционирани на второ место,** со препознавање на нивната улога во обезбедување услуги како основно и средно образование, урбана инфраструктура, локален јавен транспорт и грижа за стари лица.

Ова укажува дека граѓаните очекуваат **координиран ангажман на централно и локално ниво,** каде Владата носи одлуки и финансира големи системски промени, додека општините треба ефикасно да ги спроведуваат политиките на терен.

**График 8: Резултати од рангирање на институции и групи чинители што најмногу придонесуваат кон подобрување на квалитетот на животот**




*Извор: Анкета за идентификување на приоритетите и потребите на граѓаните, 2025 година*



## ЗАКЛУЧОК

Анализата на перцепциите на граѓаните открива **системски и меѓусебно поврзани предизвици** во достапноста, квалитетот и финансиската издржливост на јавните услуги. Иако основните услуги како примарното образование и матичната здравствена заштита се релативно лесно достапни, **голем дел од другите услуги – особено специјалистичките здравствени прегледи, студентските домови и јавниот транспорт се перцепираат како недоволно достапни или тешко достапни**.

Кога станува збор за **квалитетот,** граѓаните се изјаснија како **делумно или недоволно задоволни,** особено во области како образовната инфраструктура, здравствената опрема, јавниот транспорт и патната мрежа. Сепак, беше препознаена повисока оценка за професионалноста на матичните лекари и грижата во градинките, што покажува дека квалитетот варира по услуга и локација.

Од **финансиски аспект**, трошоците за јавни услуги најчесто се концентрирани во здравството и образованието. Повеќе од половина од граѓаните пријавиле месечни трошоци до 5.000 денари за лекови и јавен транспорт, а значителен дел троши над 10.000 денари за дополнителни образовни активности или грижа за стари лица. Особено загрижувачка е **зависноста од плаќања од џеб,** кои кај некои услуги се неизбежни, а понекогаш и неформални. Ова создава нееднаквост во пристапот и дополнително ги оптоварува најранливите.

Највисоко рангираните **приоритети** на граѓаните се поврзани со создавање **достоинствени работни места, подобар пристап до здравство и можности за вработување.** Овие приоритети се тесно поврзани со чувството на сигурност и стабилност во секојдневието. Граѓаните ја препознаваат **централната влада како главен носител на одговорност,** но и **општините како клучни чинители** во локалната испорака на услуги. И покрај критиките, поддршката за реформите – особено во образованието и здравството – покажува подготвеност за промени, под услов тие да бидат транспарентни, инклузивни и одржливи.

CIVICA MOBILITAS

Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

**Swiss Agency for Development and Cooperation SDC**

FINANCE THINK OUT OF THE BOX | HR EXCELLENCE IN RESEARCH | МЛД | МЛАДИНСКИ ОБРАЗОВЕН ФОРУМ YOUTH EDUCATIONAL FORUM | МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА ГРАЃАНСКО ОБРАЗОВАНИЕ | 360

*Проектот „Граѓански надзор: Премостување на јазот помеѓу политичките ветувања и остварувања во четири развојни области“ е поддржан од владата на Швајцарија преку Цивика мобилитас.*
*„Содржината на оваа публикација е единствена одговорност на Finance Think - Институт за економски истражувања и политики и на ниту еден начин не може да се смета дека ги одразува гледиштата на владата на Швајцарија, Цивика мобилитас, или организациите што ја спроведуваат“.*

**Finance Think е независен и непрофитен институт за економски истражувања и политики**

Ул. Фредерик Шопен 1/2
1000 Скопје,
Северна Македонија
www.financethink.mk
+389 2 6156 168
info@financethink.mk

## CONCLUSION

The analysis of citizens' perceptions reveals **systemic and interconnected challenges** in the accessibility, quality, and financial affordability of public services. While services such as primary education and healthcare are relatively easily accessible, **many other services—particularly specialist medical examinations, student dormitories, and public transport—are perceived as insufficiently or hardly accessible.**

When it comes to **quality,** citizens expressed **partial or low satisfaction,** especially in areas such as educational infrastructure, medical equipment, public transport, and the road infrastructure. However, a higher level of satisfaction was noted regarding the professionalism of general practitioners and the care provided in kindergartens, indicating that quality varies by service and location.

From a **financial perspective,** the costs for public services are mostly concentrated in healthcare and education. More than half of the citizens reported monthly expenses of up to 5,000 denars for medication and public transport, while a significant portion spends over 10,000 denars on additional educational activities or elderly care. Particularly concerning is the **reliance on out-of-pocket payments,** which in some cases are unavoidable and sometimes informal. This creates inequality in access and places additional burdens on the most vulnerable groups.

The highest-ranked citizen **priorities** are related to the creation of **decent jobs, better access to healthcare, and employment opportunities.** These priorities are closely linked to the sense of security and stability in daily life. Citizens recognize the **central government as the main bearer of responsibility,** but also **see municipalities as key actors in the local delivery of services.** Despite criticism, there is support for reforms—especially in education and healthcare—which demonstrates a willingness for change, provided these reforms are transparent, inclusive, and sustainable.

CIVICA MOBILITAS

Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

Swiss Agency for Development and Cooperation SDC

FINANCE THINK OUT OF THE BOX | HR EXCELLENCE IN RESEARCH | МЛД 1945 | МЛАДИНСКИ ОБРАЗОВЕН ФОРУМ YOUTH EDUCATIONAL FORUM | МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА ГРАЃАНСКО ОБРАЗОВАНИЕ | 360

*The project "Citizen Watch: Bridging the gap between policy promises and delivery in four development areas" is supported by the Swiss Government, through Civica Mobilitas.*

*The content of this publication is sole responsibility of Finance Think – Economic Research and Policy Institute, Macedonian Civic Education Center, Youth Educational Forum, Macedonian Medical Association and 360 Stepeni, and can in no way be taken to reflect the views of the Swiss Government, Civica Mobilitas, or implementing organizations.*

**Finance Think is an independent and non-profit institute for economic research and policy**

1/2 Frederic Chopin
1000 Skopje
North Macedonia
www.financethink.mk
+389 2 6156 168
info@financethink.mk